Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ

# Во 2015 година нема напредок во нивото на транспарентност на јавните институции во РМ

★ **Пет од дваесет мониторирани институции не објавиле ниту еден податок за своето програмско и финансиско/буџетско работење** (Министерството за здравство на РМ, Институтот за јавно здравје на РМ, Здравствениот дом Скопје, Центарот за јавно здравје Кочани и Општината Шуто Оризари).

★ **Тринаесет од дваесет мониторирани институции не објавиле ниту еден податок за своето финансиско/буџетско работење,** меѓу кои: Министерството за здравство, Институтот за јавно здравје, Здравствениот дом Скопје, Центарот за јавно здравје Скопје, Министерството за труд и социјална политика, Центарот за јавно здравје Кочани, Владата на РМ, Општината Шуто Оризари, Министерството за образование и наука, Министерството за култура, Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи и Министерството за правда.

★ **Ниту една од дваесетте мониторирани институции во 2015 година не објавила:** буџетски календар, предбуџетска изјава; поедноставна верзија на буџетот (граѓански буџет); предложени измени и дополнувања на буџетот и ревизорски извештај.

★ **Министерството за финансии е единствената институција во 2015 година што објавила: предлог-буџет; усвоен буџет во отворен формат (xml) и усвоени измени и дополнувања на буџетот.**

★ **Фондот за здравствено осигурување е единствената институција во 2015 година што објавила полугодишен извештај за извршување на буџетот.**

★ Општината Делчево, Општината Виница, Министерството за образование и наука и Министерството за надворешни работи **објавиле само по еден од вкупно 16 мониторирани програмски и буџетски документи.**

## Оценка на напредокот во нивото на проактивна транспарентност на јавните институции во 2015 година во однос на 2014 година

**Во 2015 година не се бележат промени во оценката на нивото на проактивност кај мониторираните институции во однос на 2014 година.** Односно, и во 2015 година **Министерството за финансии** и **Фондот за здравствено осигурување на РМ** објавувале дел од информациите за своето програмско и буџетско работење. Останатите институции (18) спаѓаат во категоријата на институции што не објавиле податоци за своето програмско и буџетско работење.

**Министерството за здравство во 2015 година го достигна дното во однос на нивото на проактивност.** Односно, во 2015 година Министерството нема објавено ниту една тековна информација за своето работење на официјалната интернет страница[1]. Во 2014 година, на интернет страницата на Министерството, беше достапен неговиот стратешки план. Во 2013 година, покрај стратешкиот план, на интернет страницата беше објавен и усвоениот буџет за таа фискална година.

**Фондот за здравствено осигурување објавува 44 % од мониторираните информации/документи за своето програмско и буџетско работење, со што влегува во категоријата на делумно проактивно транспарентни јавни институции.** Расположливите информации за програмското и буџетското работење на Фондот во 2013, 2014 и 2015 година остануваат непроменети. Оваа институција е чекор до најпроактивно транспарентна институција во Р. Македонија.

**Министерството за финансии и понатаму објавува 56 % од значајните информации/документи за своето програмско и буџетско работење, со што влегува во категоријата на делумно проактивно транспарентни јавни институции.** Расположливите информации за програмското и буџетското работење на Министерството во 2015 година, во однос на 2013 и 2014 година, се надополнети со: предлог буџет, усвоен буџет во отворен формат и месечни извештаи за извршување на буџетот. Оваа институција е чекор до најпроактивно транспарентна институција во Р. Македонија.

**Минимален напредок во нивото на проактивност во 2015 година се бележи кај следните институции:** Општина Пехчево, Министерството за надворешни работи, Министерството за образование и наука и Центарот за јавно здравје Скопје.

[1] На страницата на Министерството се достапни застарени верзии на некои од мониторираните параметри.

Во **2015** година на интернет страниците на јавните институции се објавени нови видови на информации во однос на претходната година и тоа:

- Општината Пехчево и Центарот за јавно здравје Скопје во 2015 година на своите официјални интернет страници објавиле две дополнителни информации (листа на информации од јавен карактер и информации за контакт со лицето одговорно за посредување со информации од јавен карактер).
- Министерството за надворешни работи и Министерството за образование и наука на јавноста ѝ ги обезбедиле следните дополнителни информации: податоци за контакт со лицето одговорно за посредување со информации од јавен карактер (Министерство за надворешни работи) и стратешки план (Министерство за образование).

**Намалување на видот на информации што се јавно достапни, во 2015 година се бележи кај: Општина Делчево** (во 2015 година нема информации за завршната сметка на општината за 2014 година, ревизорскиот извештај, листа на информации од јавен карактер и информации за контакт со лицето одговорно за посредување со информации од јавен карактер; овие информации беа достапни во 2014 година); **Општина Шуто Оризари** и **Министерството за внатрешни работи** (за разлика од 2014 година, во 2015 година овие институции не објавиле стратешки план).

Во **2015 година општините Кочани и Пехчево се оценети како институции што проактивно не објавуваат информации, но сепак, во споредба со останатите општини што биле предмет на мониторинг, на граѓаните им овозможуваат пристап до некои документи и информации за своето работење.**

## Корисноста од проактивната транспарентност на јавните институции

Согласно со Резолуцијата на Обединетите нации за промовирање на транспарентност, учество и отчетност во фискалните политики и стандарди за интензивирање на напорите за унапредување на транспарентноста, учеството и отчетноста во планирањето и спроведувањето на фискалните политики на Глобалната иницијатива за фискална транспарентност[2], секоја земја треба да ги почитува следните принципи: секој има право да бара, добие и да пренесе информација поврзана со фискалното работење; властите треба да публикуваат јасни и мерливи цели поврзани со фискалната политика; властите треба да ги споделат своите цели и резултати; сите финансиски трансакции во јавниот сектор треба да бидат законски уредени; јавниот сектор треба да биде јасно дефиниран, а пак врските со приватниот сектор да бидат јавно обелоденети; надлежностите треба да бидат јасно утврдени и законски уредени; овластувањето за прибирање на даноците и извршување на расходите треба да биде предмет на уредување на законодавната власт; државната ревизија треба да биде независна од извршната власт, а нејзината независност да биде гарантирана со закон; и како последно, граѓаните треба да учествуваат директно во јавни дебати за подготовка и за реализација на фискалните политики.

## Оценка за степенот на проактивност на јавните институции во РМ

Во овој документ ги презентираме резултатите од спроведениот мониторинг на содржината на официјалните интернет страници на дваесет јавни институции во РМ (Министерство за образование и наука; Министерство за култура; Министерство за надворешни работи; Министерство за внатрешни работи; Министерство за финансии; Министерство за труд и социјална политика; Министерство за здравство; Министерство за правда; Фонд за здравствено осигурување; Институт за јавно здравје; Здравствен дом Скопје; Центар за јавно здравје Скопје; Центар за јавно здравје Кочани; Влада на РМ; општините: Делчево, Шуто Оризари, Виница, Пехчево и Кочани и Комисија за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер).

Мониторингот на содржината на официјалните интернет страници на дваесетте јавни институции е спроведен во периодот од 1 јануари до 31 декември 2015 година.

Преку континуираниот мониторинг имавме за цел да го оцениме степенот на проактивна транспарентност на опфатените јавни институции.

Преку спроведување на постапката на мониторинг, во 2015 година го следевме објавувањето/не објавувањето на шеснаесетте клучни документи и информации што се однесуваат на работењето на опфатените институции и тоа: стратегијата за работа; годишната програма за работа; буџетскиот календар; предбуџетската изјава; граѓанскиот буџет; предлог-буџетот и усвоениот буџет; предлог измените и усвоените измени и дополнувања на буџетот; буџетските документи во отворен формат (xml или excel); месечните извештаи за извршување на буџетот; полугодишниот извештај за извршување на буџетот; завршната сметка на буџетот; ревизорскиот извештај; податоците за лицето назначено за посредување со информации од јавен карактер и листата на информации од јавен карактер.

Со оваа анализа не го оценуваме квалитетот и времето на објавување на мониторираните документи и информации, туку го прикажуваме нивото на проактивност на институциите кога станува збор за објавување на документите и информациите за нивното програмско и финансиско работење.

[2] http://www.fiscaltransparency.net/resourcesfiles/files/20150704113.pdf

Оваа анализа на проактивна транспарентност на јавните институции е трета по ред што ЕСЕ ја подготвува секоја година.

Степенот на проактивана транспарентност на опфатените јавни институции е утврден преку бодување на објавувањето/не објавувањето на секој од шеснаесетте мониторирани документи на официјалните интернет страници на мониторираните институции.

**Објавувањето** на документите беше бодувано со **еден поен**, а пак **не објавувањето** со **нула поени**. Оценката за секоја одделна институција е добиена врз основа на процентот на објавени од вкупниот број мониторирани документи. Оптималниот резултат со кој може да се бодува секоја институција е 16 поени или 100 %.

## ЛЕГЕНДА:

### ТРАНСПАРЕНТНОСТ

**ИНСТИТУЦИЈА ШТО ПРОАКТИВНО НЕ ОБЈАВУВА ИНФОРМАЦИИ**

институција што практивно не објавува информации е онаа институција што има освоено **под 6 поени** или пак **објавила помалку од 40 %** од мониторираните документи.

**ИНСТИТУЦИЈА ШТО ПРОАКТИВНО ОБЈАВУВА САМО ДЕЛ ОД ИНФОРМАЦИИТЕ**

делумно проактивна е онаа институција што има освоено **помеѓу 7 и 12 поени** или **има објавено од 41 до 75 %** од мониторираните документи.

**ИНСТИТУЦИЈА ШТО ПРОАКТИВНО ОБЈАВУВА НАЈГОЛЕМ БРОЈ ИНФОРМАЦИИ**

институција што проактивно објавува документи и информации е онаа институција што има освоено помеѓу 12 и 16 поени и ги има објавено речиси сите мониторирани документи.

* Детално објаснување на оценката за нивото на проактивност можете да најдете во делот "Оценка за степенот на проактивност на јавните институции во РМ"

## Сумарна оценка на степенот на проактивна транспарентност по институции

| Назив на институција | Интернет-страница | Оценка |
|---|---|---|
| Влада на РМ | www.vlada.mk | ★ |
| Министерство за труд и социјална политика | www.mtsp.gov.mk | ★ |
| Министерство за образование и наука | www.mon.gov.mk | ★ |
| Министерство за надворешни работи | www.mfa.gov.mk | ★ |
| Министерство за внатрешни работи | www.mvr.gov.mk | ★ |
| Министерство за култура | www.kultura.gov.mk | ★ |
| Министерство за финансии | www.finance.gov.mk | ★ |
| Министерство за здравство | www.moh.gov.mk | ★ |
| Министерство за правда | www.pravda.gov.mk | ★ |
| Фонд за здравствено осигурување | www.fzo.org.mk | ★ |
| Институт за јавно здравје | www.iph.mk | ★ |
| Центар за јавно здравје Скопје | www.cph.mk | ★ |
| Центар за јавно здравје Кочани | www.cjzkocani.org.mk | ★ |
| Здравствен дом Скопје | www.zds.com.mk | ★ |
| Општина Кочани | www.kocani.gov.mk | ★ |
| Општина Пехчево | www.pehcevo.gov.mkОпштина | ★ |
| Општина Делчево | www.delcevo.gov.mkОпштина | ★ |
| Општина Виница | www.opstinavinica.gov.mk | ★ |
| Општина Шуто Оризари | www.sutoorizari.gov.mk | ★ |
| Комисија за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер | www.komspi.mk | ★ |

Финансиски поддржано од: FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

# Оценка на степенот на проактивна транспарентност на институциите според објавените документи

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ

Финансиски поддржано од:

Фондација Отворено општество Македонија

| Јавни институции | Интернет-страница | Буџетски календар | Стратешки план | Предбуџетска изјава | Предлог- буџет | Граѓански буџет/ Поедноставена верзија на буџетот |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Министерство за здравство | http://zdravstvo.gov.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Фонд за здравствено осигурување | http://www.fzo.org.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Институт за јавно здравје | http://www.iph.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Здравствен дом Скопје | http://www.zds.com.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Центар за јавно здравје Скопје | http://www.cph.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Министерство за финансии | http://www.finance.gov.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Министерство за труд и социјална политика | http://www.mtsp.gov.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Центар за јавно здравје Кочани | http://cjzkocani.org.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Влада на РМ | http://vlada.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Локална самоуправа Делчево | http://www.delcevo.gov.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Локална самоуправа Шуто Оризари | http://www.sutoorizari.gov.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Локална самоуправа Виница | http://www.opstinavinica.gov.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Локална самоуправа Пехчево | http://pehcevo.gov.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Локална самоуправа Кочани | http://www.kocani.gov.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Министерство за образование и наука | http://mon.gov.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Министерство за култура | http://www.kultura.gov.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Министерство за надворешни работи | http://www.mfa.gov.mk/index.php/mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Министерство за внатрешни работи | http://moi.gov.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Министерство за правда | http://www.pravda.gov.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер | http://www.komspi.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |

| Јавни институции | Интернет-страница | Усвоен буџет | Објавен усвоен буџет во отворен формат (xml) | Предложени измени и дополнувања | Усвоени Измени и дополнувања на буџетот | Годишни програми за работа |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Министерство за здравство | http://zdravstvo.gov.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Фонд за здравствено осигурување | http://www.fzo.org.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Институт за јавно здравје | http://www.iph.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Здравствен дом Скопје | http://www.zds.com.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Центар за јавно здравје Скопје | http://www.cph.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Министерство за финансии | http://www.finance.gov.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Министерство за труд и социјална политика | http://www.mtsp.gov.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Центар за јавно здравје Кочани | http://cjzkocani.org.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Влада на РМ | http://vlada.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Локална самоуправа Делчево | http://www.delcevo.gov.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Локална самоуправа Шуто Оризари | http://www.sutoorizari.gov.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Локална самоуправа Виница | http://www.opstinavinica.gov.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Локална самоуправа Пехчево | http://pehcevo.gov.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Локална самоуправа Кочани | http://www.kocani.gov.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Министерство за образование и наука | http://mon.gov.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Министерство за култура | http://www.kultura.gov.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Министерство за надворешни работи | http://www.mfa.gov.mk/index.php/mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Министерство за внатрешни работи | http://moi.gov.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Министерство за правда | http://www.pravda.gov.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер | http://www.komspi.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |

| Јавни институции | Интернет-страница | Месечни извештаи за извршување на буџетот | Полугодишен извештај за извршување на буџетот | Завршна сметка | Ревизорски извештај | Контакт лице за информации од јавен карактер | Листа на информации од јавен карактер |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Министерство за здравство | http://zdravstvo.gov.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Фонд за здравствено осигурување | http://www.fzo.org.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Институт за јавно здравје | http://www.iph.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Здравствен дом Скопје | http://www.zds.com.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Центар за јавно здравје Скопје | http://www.cph.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Министерство за финансии | http://www.finance.gov.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Министерство за труд и социјална политика | http://www.mtsp.gov.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Центар за јавно здравје Кочани | http://cjzkocani.org.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Влада на РМ | http://vlada.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Локална самоуправа Делчево | http://www.delcevo.gov.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Локална самоуправа Шуто Оризари | http://www.sutoorizari.gov.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Локална самоуправа Виница | http://www.opstinavinica.gov.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Локална самоуправа Пехчево | http://pehcevo.gov.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Локална самоуправа Кочани | http://www.kocani.gov.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Министерство за образование и наука | http://mon.gov.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Министерство за култура | http://www.kultura.gov.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Министерство за надворешни работи | http://www.mfa.gov.mk/index.php/mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Министерство за внатрешни работи | http://moi.gov.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Министерство за правда | http://www.pravda.gov.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер | http://www.komspi.mk/ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |